Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел од дневни настани 23.05.2022

На 22.05.2022 во 16.45 часот на улица „Иво Лола Рибар" во Гостивар, полициски службеници од ОВР Гостивар, постапувајќи по судска наредба, го привеле М.Л.(55) од Гостивар за издржување затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 22.05.2022 во 17.00 часот на улица „ЈНА" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово- ОВР Гостивар ги лишиле од слобода М.М.(37) од Пласница, А.Ш.(30), И.А.(24), Х.Ѓ.(26) и Е.Е.(22), четворицата од Кичево, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка со остатоци од марихуана. Лицата биле задржани во Полициска станица Гостивар и по документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 22.05.2022 во 13.30 часот на автопат А1 во правец Смоковица-Демир Капија од полициски службеници од Полициска станица Богородица е лишен од слобода И.Б.(26) од Скопје, кој во патничко моторно возило „фолксваген голф" со велешки регистарски ознаки превезувал шест лица- мигранти од Сирија и Авганистан. И.Б. при обид да биде сопрен од полициски службеници, не застанал, и на место викано „Црвени брегови" со возилото удрил во патничко моторно возило „БМВ" со скопски регистарски ознаки управувано од Б.К. од Гостивар. Известен е јавен обвинител. И.Б. е задржан во Полициска станица Неготино и по насока на јавен обвинител против него ќе биде поднесена кривична пријава по член 418-б,ст.2 од Кривичниот законик.

На 23.05.2022 во 00.50 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода М.П.(24) од Куманово затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 22.05.2022 во 21.00 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Б.Ј.(25) од село Черкези, кумановско, затоа што кај него биле пронајдени марихуана и семки од марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 22.05.2022 во 22.45 часот, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода Ј.М.(19) и Р.С.(20), двајцата од Скопје, затоа што кај нив биле пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.05.2022 околу 16.30 часот во ОВР Струга било пријавено дека на улица „Владо Малески", патничко моторно возило „фиат" со струшки регистарски ознаки, управувано од Р.В.(21) од с.Велешта, струшко, удрило во Љ.Н.(72) од Прилеп. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Љ.Н., констатирана во Општа болница Струга. Увид на местото извршила екипа од ОВР Струга.

На 22.05.2022 во периодот од 12.45 до 15.15 часот, полициски службеници од СВР Велес ги лишиле од слобода Т.А.(25) од Велес, Т.Б.(41) од Велес, Т.П.(47) од с.Долно Каласлари, велешко, М.И.(42) од Велес и М.Р. (24) од Велес, затоа што кај нив била пронајдена и одземена кафеава прашкаста материја. По целосно документирање на случајот, ќе следува соодветен поднесок.

На 22.05.2022 во 17.20 часот, полициски службеници од ОВР – Неготино, ги лишиле од слобода Н.Р.(26) и Ф.Н.(22), двајцата од Кавадарци, затоа што кај нив била пронајдена бела прашкаста материја и дигитална вага. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 22.05.2022 во 22.20 часот на Граничен премин „Долно Блаце", полициски службеници го лишиле од слобода Р.Ф.(30) од с.Слатино, тетовско, затоа што при проверка било констатирано дека е евидентиран во службената евиденција со нерка „апси" по телеграма од СВР Тетово и судска наредба од Основен суд Тетово за издржување на казна затвор.

На 22.05.2022 во 22.30 часот на Граничен премин „Долно Блаце", полициски службеници го лишиле од слобода Р.Е.(24) од Косово затоа што при проверка на патничко моторно возило „ауди а3" со косовски национални ознаки, било констатирано дека лицето поседувало лажна исправа. Р.Е. бил предаден во Полициска станица Чаир за понатамошна постапка.

На 22.05.2022 во 11.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Кондово, општина Сарај, патничко моторно возило „опел зафира" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.Ф.(52) од с.Радуша, општина Сарај, удрило во малолетник од с.Кондово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил малолетникот, констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза" Скопје

На 22.05.2022 во 17.00 часот на булевар „Видое Смилевски Бато" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Ш.К. (40) од Тетово поради основано сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа", казниво по член 378 од Кривичниот законик. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово за понатамошна постапка по што ќе следи и соодветен поднесок.

Во текот на изминатиот викенд СВР Куманово продолжи со акциски контроли во областа на сообраќајот. На подрачјето на Куманово изречени се вкупно 60 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 25 санкции, 30 санкции за возачи кои управувале возила под дејство на алкохол, 4 за управување возило без возачка дозвола и 1 за нерегистрирано возило.

На 22.05.2022 во 11.55 часот во СВР Тетово било пријавено дека на булевар „Маршал Тито", патничко моторно возило „сеат" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од М.И.(44) од с.Рогле, тетовско, удрило во С.Ј.(71) од Тетово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил С.Ј., констатирани во Клинички центар – Тетово. Увид на местото извршила екипа од СВР Тетово.

Денеска (23.05.2022), полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода А.А.(25) од с.Сарај, скопско. Тој бил баран по потерница за издржување казна затвор од две години за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во казнено-поправна установа за издржување на казната.

СВР Битола поднесе кривична пријава против С.А.(33), Ф.Е.(40), Ц.А.(30), Е.Б.(33), Е.А. (26) и Ф.Ќ.(39), сите од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторени 87 кривични дела „тешка кражба", „кражба" и „прикривање". Пријавените, во периодот од април 2021 до февруари 2022 година, на подрачјето на Битола и селата Путурус, Црнобоење, Вашарејца, Добрушево, Радобор, Трап со употреба на погодни предмет и физичка сила, извршиле тешки кражби, тешки кражби во обид и кражби во куќи, викендици, стопански дворови, цркви, манастири, магацини, базни станици, при што одзеле разни предмети и се стекнале со противправна имотна корист од 1.524.400 денари.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Д.Р.(18) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотички дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При преглед извршен врз него на 17.10.2021 на улицата „Методија Стефановски" во Кичево, полициските службеници пронашле марихуана.

На 22.05.2022 пред спортската сала „Боро Чурлески" во Битола, полициски службеници од СВР Битола ги лишиле од слобода Г.И.(50) и Т.Н.(49), двајцата од Битола, затоа што физички нападнале полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (23.05.2022) во 05.45 часот на ул.„Методија Андонов Ченто", полициски службеници од Полициската станица Гази Баба ги лишиле од слобода К.М.(18), Д.М.(19), Л.Б.(19) и К.П.(18), сите од Велика Британија. Околу 01.50 часот тие одделе такси возило „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки од Ј.М.(39) од Скопје, по што со возилото удриле во банкина на подрачје на Гази Баба. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.05.2022 околу 03.00 часот во Полициската станица Центар било пријавено дека во угостителски објект на подрачје на Центар бил нарушен јавниот ред и мир од неколку лица. Исто така, истиот ден во 15.50 часот во Полициската станица Центар, И.Т.(23) од Скопје и С.К.(23) од Германија пријавиле дека во 01.30 часот во угостителскиот објект на подрачје на Центар биле физички нападнати со тврд предмет од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.05.2022 во 13.00 часот во СВР Скопје, Д.„Н" (44) од Скопје пријавил дека на улица „Максут Садик" бил физички нападнат од А.Ј., поради нарушени семејни односи. Увид бил извршен и се работи на расчистување на случајот.

На 22.05.2022 во 15.30 часот во Полициската станица Гази Баба, од Градска општа болница „Св.Наум Охридски" - Скопје било пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди бил донесен М.М.(19) од Скопје. Според пријавеното, тој се здобил со повредите при извршување работни задачи во работилница. Се работи на расчистување на случајот.

На 22.05.2022 во 23.00 часот во СВР Скопје, 22-годишна девојка од Скопје пријавила дека на улица „Рифат Бурџевик" била физички нападнатата од својот братучед А.Г. од Скопје поради нарушени семејни односи. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.05.2022 околу 10.00 часот во Полициското одделение Арачиново, М.Ш од с.Арачиново пријавил дека при ископ во неговиот двор пронашол чаура од артилериска граната. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје, додека службеници од Дирекција за заштита и спасување ја подигнале чаурата.

На 22.05.2022 во 14.25 часот во СВР Штип, Д.К.(46) од Штип пријавил дека настанал пожар во хала во фирма за метална индустрија од Штип, при што биле опожарени повеќе предмети и едно возило, сопственост на правното лице. Екипа на Територијалната противпожарна единица Штип го изгаснала пожарот, а повредени лица нема. Увид на местото извршила екипа од СВР Штип.

На 22.05.2022 во 00.30 часот во Полициска станица Карпош 3.Ј.(72) пријавила дека од дома се оддалечила нејзината ќерка Х.Д.(42), која имала здравствени проблеми, и истата заминала за Р.Србија. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 25.05.2022 во 09.45 часот во ОВР Кочани, К.Д.(55) од Кочани пријавила дека настанал пожар во банкомат на улица „Маршал Тито". Екипа на Територијалната противпожарна единица Кочани го изгаснала пожарот. Увид бил извршен.

На 22.05.2022 во 13:04 часот во ОВР – Берово, било пријавено дека настанал пожар на улица „23-ти август", во куќа сопственост на Ј.Ѓ. (63) од Берово. Од пожарот целосно е опожарена помошна просторија и покривна конструкција, а оштетени се прозори од куќа сопственост на З.Р. (65) и Д.Р. (72), двајцата од Берово. Противпожарна бригада – Берово целосно го изгаснала пожарот. Повредени лица нема. Увид на местото е извршен од екипа од ОВР – Берово.

На 22.05.2022 околу 22.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во обложувалница на улица „Ѓорѓи Динката" две лица со закана кон вработената одделе пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против У.З.(58) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје и распрскувачки материи". На 28.10.2021, полициски службеници од СВР Куманово извршиле преглед врз пријавениот, при потроше пронашле пиштол марка „Чешка збројовка" со една рамка и 7 куршуми, кои ги поседувал без дозвола.

На 23.05.2022 во 02.00 часот во Полициска станица Гази Баба е пријавено дека од СОС Детско село во Скопје се оддалечила нивната штитеничка Ц.Д.(14). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Ф.Д.(28) од с.Радуша, скопско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 09.04.2022 година, полициски службеници кај пријавениот пронашле и одзеле марихуана.

На 22.05.2022 околу 18.15 часот во спортската сала „Антон Димитров" во Бутел, полициски службеници од Полициската станица Чаир го лишиле од слобода А.Б.(20) од Скопје затоа што влегол во салата со околу 15 лица од навивачка група и нападнале едно лице, а се обиделе и физички да се пресметаат со припадници на друга навивачка група кои биле во салата на ракометен натпревар. При интервенцијата едно лице од групата физички нападнало полициски службеник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет